830
Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51
2


# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 3 јули 1987
БЕЛГРАД
БРОЈ 44 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 704 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1987 година изнесува 9.600 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**586.**

Врз основа на член 288 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 121 став 3 од Законот за Службата на општественото книговодство, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 25 јуни 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА СТАТУТОТ НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се потврдува Одлуката за измени и дополненија на Статутот на Службата на општественото книговодство на Југославија, што го донесе Советот на Службата на општественото книговодство со својата одлука 80 бр. 178/13 од 31 март 1987 година.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 223
25 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ**, с. р.

**587.**

Врз основа на член 288 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на предлог од Претседателството на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 25 јуни 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 јуни 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

За членови на Советот на Федерацијата се избираат Марин Цетиниќ и Осман Карабеговиќ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 263
30 јуни 1987 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ**, с. р.

**588.**

Врз основа на член 288 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 7, 12 и 18 од Законот за Сојузниот суд, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Сојузниот собор од 25 јуни 1987 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 јуни 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СУДИЈА НА СОЈУЗНИОТ СУД

Се разрешува од должноста судија на Сојузниот суд Петар Лештаров, со 30 јуни 1987 година, на лично барање, поради одење во пензија.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 265
30 јуни 1987 година
Белград

Претседател на
Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожиќ**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ**, с. р.

**589.**

Врз основа на член 281 став 1 точка 18 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 12 од Општествениот договор за обезбедување на дел од средствата за работа на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ", во Љубљана, за периодот од 1986 до 1990 година, Собранието на СФРЈ, на предлог од Комисијата за избор и именувања, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 30 јуни 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО ОДБОРОТ НА ПОТПИСНИЦИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА САМОУПРАВУВАЊЕТО „ЕДВАРД КАРДЕЉ" ВО ЉУБЉАНА, ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

За претставник на Собранието на СФРЈ во Одборот на потписниците на Општествениот договор за обезбедување на дел од средствата за работа на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ", во Љубљана, за периодот од 1986 до 1990

година се избира Јернеј Јан, делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

**Собрание на СФРЈ**

АС бр. 268
30 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич**, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките
и покраините,
**Драшко Поповиќ, с. р.**

**590.**

Врз основа на член 137 од Деловникот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 25 јуни 1987 година, донесе

## ЗАКЛУЧОЦИ

I

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ го прифаќа Извештајот за проблематиката во областа на лековите, што го поднесоа Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита и Сојузниот комитет за земјоделство.

II

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ги задолжува:

1. Сојузниот извршен совет:

- што побргу, поради нарушувањето во производството и снабдувањето со лекови, да преземе потребни мерки заради утврдување на трајни решенија за континуирано обезбедување на неопходните девизни средства за увоз на суровини за производство на готови лекови, медицински и санитетски материјал и храна за доенчиња, како и увоз на готови лекови што не се произведуваат во земјата, и да ја разгледа можноста и да предложи решение за користење на девизните средства што се остварени со извоз на фармацевтските организации - во рок од еден месец;

- во соработка со републичките и покраинските извршни совети, како потписници на Општествениот договор за развој на производството на фармацевтски суровини, врз основа на сепаратот за натамошниот развој на производството на суровини, да ги утврдат своите обврски при донесувањето на поттикнувачките мерки за јакнење на акумулативната и репродуктивната способност на оние производители на лекови што го развиваат производството на фармацевтски суровини - во рок од три месеци;

- да ја разгледа можноста при измените на Законот за вкупниот приход и доходот фабриките за лекови, организациите за промет со лекови на големо, аптеките и здравствените организации да се ослбодат од обврската да вршат ревалоризација на залихите на лекови, медицински и санитетски материјал и храна за доенчиња.

2. Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, Сојузниот комитет за земјоделство и Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, врз основа на усогласените материјални биланси на потребите на земјата од лекови од домашно производство и готови лекови, медицински и санитетски материјал што не се произведуваат во земјата, да го утврдат годишниот износ на неопходните девизни средства. Девизните средства за увоз на суровини за производство на лекови треба да се утврдат и врз основа на плановите и договорените обврски за извоз - во рок од еден месец.

3. Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита во соработка со сојузите на самоуправните интересни заедници за здравствено осигурување и здравство и на здравствените организации на Југославија:

- да извршат ревизија на целокупниот асортиман на лекови и да направат список на сите одобрени готови лекови со датата на одобрувањето за пуштање во промет - до крајот на годинава;

- да состават листа на приоритетните лекови - до крајот на годинава.

4. Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија, Сојузниот секретаријат за народна одбрана и Сојузниот завод за општествено планирање, во соработка со Стопанската комора на Југославија и со Групацијата на производителите на лекови во рамките на Здружението на хемиската индустрија и индустријата за гуми на Југославија:

- да предложат општествен договор за специјализација и поделба на трудот, доходовно поврзување на трудот и средствата, посебно на научноистражувачкиот труд, за заедничко истапување на пазарот и унапредување и проширување на капацитетите за производство на лекови - до крајот на 1987 година;

- да изработат сепарат за натамошниот развој на производството на фармацевтски суровини од 1986 до 1990 година и да предложат општествен договор за поделба на трудот, за специјализација, меѓусебно поврзување и здружување на трудот и средствата и за развој на производството на фармацевтски суровини - до крајот на 1987 година.

5. Сојузниот комитет за земјоделство да изработи листа на приоритетните лекови за употреба во ветерината - до крајот на годинава.

6. Сојузниот завод за цени веднаш да преземе итни мерки за отстранување на диспаритетите на цените на лековите и утврдување на единствевни критериуми и мерила заради трајно решение на проблемите во областа на цените на лековите. При одобрувањето на зголемувањето на цените на лековите треба да се постапува селективно: да се дозволи зголемување за одделни препарати, а не и зголемување на процентот на затечените цени за сите производи на еден производител; да се одобруваат (стимулираат) повисоки цени на лековите произведени од домашни суровини или врз основа на сопствена рецептура, како и зголемување на цените на сите лекови чиишто сегашни цени се пониски од вредноста на суровините и репроматеријалите; цените на новоодобрените леквои, што не ја подобруваат терапијата, не би смееле да бидат поголеми од цените на постојните лекови со исто дејство (паралелни лекови) - во рок од три месеци.

7. Сојузната дирекција за стоковни резерви да поднесе извештај за спроведувањето на Заклучоците на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ од 15 јули 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/82), со најнови податоци за обезбедувањето и функционирањето на системот на резервите на лекови - до крајот на октомври годинава.

8. Службата на општественото книговодство на Југославија да изврши преглед на девизното работење (на редоследот на плаќањата) на Југобанка и Беобанка Белград, Косовска банка Приштина, Стопанска банка Скопје, Привредна банка Сараево и Привредна банка Загреб во периодот од 1 јануари до 30 мај 1987 година - во рок од два месеца.

9. Сојузниот завод за здравствена заштита во соработка со медицинските факултети, Сојузот на лекарските друштва на Југославија, Сојузот на самоуправните интересни заедници за здравствено осигурување и здравство на Југославија и со клиничките центри да ја забрзаат изработката на стандардните постапки и методи за дијагностика и лекување на одделни болести, во согласност со достигањата на современата медицинска наука и практика.

10. Одборот за труд, здравје и социјална политика да го следи спроведувањето на овие заклучоци и за тоа повремено да го известува Соборот.

III

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ им препорачува:

1. На Народната банка на Југославија, заедно со Здружението на банките на Југославија, најитно да утврди трајно решение за континуиран приоритет во обезбедува

њето на неопходните девизни средства за увоз на суровини за производство на лекови, медицински и санитетски материјал и детска храна, како и увоз на готови лекови што не се произведуваат во земјата во рамките на утврдените материјални биланси на потребите на земјата. Притоа е неопходно да се утврди динамиката на користењето на овие девизни средства за рамномерно производство и снабдување на земјата со овие неопходни производи.

2. На сојузите на здравственото осигурување и здравството и на заедниците на здравствените организации на Југославија, во соработка со Сојузот на лекарските друштва и со Сојузот на фармацевтските друштва на Југославија:

- итно да пристапат кон спроведување на Заклучоците за мерките за рационализација на потрошувачката на лекови, што се усвоени 1985 година;

- да предложат воведување односно зголемување на износот на партиципацијата во поднесувањето на трошоците за лековите, со утврдување на критериумите за ослободување од обврската за поднесување партиципација на граѓаните што се во состојба на социјална потреба.

3. И на собранијата на социјалистичките републики и на социјалистичките автономни покраини да преземат мерки за подобрување на вршењето надзор над работата на аптеките и организациите што се занимаваат со промет на лекови на големо, во согласност со Законот за пуштање на лекови во промет.

4. На организациите на здружен труд што се занимаваат со производство и на организациите што се занимаваат со промет на лекови на големо, во рамките на нивните здруженија при Стопанската комора на Југославија, да потпишат самоуправни спогодби во кои, врз основа на усогласените материјални биланси на потребите на земјата од лекови, ќе се утврдат обврските во снабдувањето и одговорноста за неизвршувањето на преземените обврски. Утврдените материјални биланси треба да бидат составен дел на овие самоуправни спогодби.

IV

Овие заклучоци ќе се објават во „Службен лист на СФРЈ".

**Собрание на СФРЈ**

Дов. 515-1/87-038
24 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Марјан Рожич,** с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
**Омер Курпејовиќ,** с. р.

---

**591.**

Врз основа на член 23 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/86), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 25 јуни 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА СТАНБЕНИ ПОТРЕБИ ОБЕЗБЕДЕНИ ВО БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Средствата за станбени потреби обезбедени во Буџетот на федерацијата за 1987 година во износ од 4% на исплатениот надомест на личните доходи на делегатите во Собрението на СФРЈ кои надомест на личните доходи остваруваат во постојан месечен износ и на личните доходи на функционерите и на раководните работници што ги избира или именува односно назначува Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: средствата на придонесот) се уплатуваат на посебна сметка на Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи.

Средствата на придонесот можат да се користат за:

- прибавување станови со купување, изградба или здружување на средства со други корисници на општествени средства заради купување или изградба на стан;

- подобрување на условите за живеење во општествените станови;

- давање заем за купување, изградба, доградба или подобрување на условите за живеење во семејна станбена зграда или стан во сопственост.

Процентот на користењето на средствата за намените од став 1 на овој член го утврдува Административната комисија на Собранието на СФРЈ (во натамошниот текст: Комисијата).

Член 2

Одлука за одобрување на средствата на придоенсот за намената од член 1 на оваа одлука донесува Комисијата врз основа на барањето на корисникот во согласност со критериумите утврдени со Одуката за условите и начинот на доделување станови и гаражи односно гаражни места за потребите на функционерите на Собранието на СФРЈ, на раководните работници и на работниците во службите на Собранието на СФРЈ и за потребите на функционерите во определени сојузни органи и организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81).

Член 3

Средствата на придонесот за прибавување станови ќе се користат во согласност со програмата за прибавување станови за потребите на Собранието на СФРЈ.

Договорите за прибавување станови ги склучува Интересната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи, согласно со одлуките на Комисијата.

Член 4

Под подобрување на условите за живеење во смисла на оваа одлука се подразбира:

- преградување на стан заради добивање поголем број станбени простории во станот;

- измена на намената на станбените простории во станот заради подобрување на функционалноста и квалитетот на живеењето, и

- воведување на централно односно етажно греење.

Член 5

Средствата на придонесот за доделување заем заради купување, изградба, доградба или подобрувње на условите за живеење во семејна станбена зграда или стан во сопственост можат да се даваат само за задоволување на станбените потреби на корисникот и на членовите на неговото семејно домаќинство, под следните услови:

- за изградба или купување на стан односно на семејна станбена зграда чијашто големина и функционалност одговара на мерилата за рационално користење на стан во општината. Комисијата го утврдува најголемиот износ на средствата што може да се одобри за намените од став 1 на овој член;

- лицето што користи стан со станарско право да му го врати тој стан на давачот на станот на користење во рок од 30 дена од изградбата или купувањето на семејна станбена зграда или стан.

Член 6

Заемот се одобрува под следните услови:

- за купување, изградба или доградба на семејна станбена зграда или стан во сопственост со рок на отплата до 20 години;

- за подобрување на условите за живеење во становите во сопственост со рок на отплата до 10 години;

- за користење на овие заеми се пресметува камата во износ од 4% на износот на кредитот, со тоа што на таа камата, во случај кога инфлацијата според податоците на надлежниот орган ќе је премине стапката над 10% за изми-

натата година, секоја година се зголемува каматата на неотплатениот дел од заемот така што годишната камата ќе се зголеми за 0,1% за секој процентен поен на зголемувањето на инфлацијата над 10%, со тоа што пресметаната камата не може да биде поголема од банкината камата.

Член 7

Средствата на заемот можат да се употребат и за лично учество при добивањето кредит од банката.

Член 8

Корисникот на заемот е должен да ја приложи кон барањето потребната техничка и друга документација.

Член 9

Врз основа на Одлуката за доделување заем се склучува договор помеѓу Државата СФРЈ – Собранието на СФРЈ и корисникот на заемот со кој се регулираат меѓусебните права и обврски, во согласност со законот и одредбите на оваа одлука.

Договорот за заем го склучуваат, врз основа на одлуката на Комисијата, генералниот секретар на Собранието на СФРЈ и корисникот на заемот.

Член 10

Одлуката за одобрување на средствата на придонесот за намените од чл. 4 и 5 ја донесува Комисијата врз основа на барањето на корисникот, по претходно прибавено мислење од стручната служба на соодветната интересна заедница за станбена изградба.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 36-25/87-013
25 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Административната
комисија,
**Емин Добарџиќ**, с. р.

## 592.

Врз основа на член 185 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет, донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ И НАДОМЕСТИ ПРИ УТВРДУВАЊЕТО НА ЦЕНИТЕ ЗА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Во Одлуката за определување на износите за посебни намени и надомести при утврдувањето на цените за нафтени деривати („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/86, 69/86, 19/87 и 34/87) во точка 7 став 4 во одредбата под 5 по зборовите: „нафта во" се додаваат зборовит: „1980 година во износ од 6,5 милијарди и во".

По одредбата под 8 се додаваат одредби под 9 и 10, кои гласат:

„9) за покритие на курсните разлики и каматите на оргнаизациите на здружен труд што изведувале инвестициони работи во странство, а кои наплата на своите побарувања, почнувајќи од 1982 година, извршиле со увоз на нафта за која не им се на време дозначени динарски и девизни средства: редовните камати на износот на наплатеното побарување по продажниот курс кој важел на денот на наплатата на секое побарување, сметано од денот на втасаната обврска по одлуките за полагање на динарска противвредност и дадените права на девизни средства; курсните разлики што настанале поради непридржување кон одлуките за полагање на динарска противвредност и дадените права на девизни средства; курсните разлики настанати меѓу денот на наплатата на побарувањето во динари и денот на купувањето на девизи во банката во согласност со прописите за потребите за изведување на инвестициони работи во странство.

Височината на редовната камата се пресметува по стапката што банките ја плаќаат на годишните депозити на стопанството, согласно со Самоуправната спогодба на банките за политиката на каматните стапки, што важеше на денот на наплатата на побарувањето.

10) за покритие на курсните разлики на организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи во странство, настанати по основ на терминска купопродажба на девизи и продажба на девизи по основ на аванс кој е користен за увоз на нафта, по одлука на надлежниот сојузен орган и тоа од денот на продажбата на девизи до денот кога инвеститорот ја заверил ситуацијата. Односите мерѓу заинтересираните работни организации на здружен труд ќе се уредат со самоуправна спогодба.

По став 4 се додаваат ст. 5 до 7, кои гласат:

„Курсните разлики и каматите од одредбите под 9) и 10) на оваа точка, врз основа на критериумите од оваа одлука, ги утврдува комисија во Сојузниот секретаријат за финансии во чиј состав, покрај претставници на Сојузниот секретаријат за финансии има и претставници на Народната банка на Југославија, Здружението на банките на Југославија, Здружението на нафтеното стопанство на Југославија, Здружението на градежниците на Југославија, Сојузниот комитет за енергетика и индустрија и на Службата за општествено книговодство на Југославија.

Комисијата од став 5 на оваа точка секои 3 месеци му поднесува извештај на Сојузниот извршен совет за исплатените средства по основ на оваа одлука.

Организациите на здружен труд што изведуваат инвестициони работи во странство можат, на предлог од комисијата од став 5 на оваа одредба, да добиајт аванс од 60% по барањата што ќе ги поднесат организациите на здружен труд, а кои за проверка бараат подлог временски период."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п.бр. 219
26 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

## 593.

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/85), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА ЕДИНСТВЕНАТА МЕТОДОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ

1. Во Одлуката за задолжителните елементи на единствената методологија на општественото планирање („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85) по точка 24, се додаваат три нови точки, кои гласат:

„24а. Во смисла на чл. 15, 18 и 43а од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/85 и 28/87) за општествено насочување на распределбата на доходот и на чистиот доход во 1987 година се утврдуваат податоци-

те за планираниот однос на акумулацијата во доходот и потрошувачката (лична, општа и заедничка) во доходот и планираните појдовни големини за дејностите и стопанството на Југославија како индикативни големини, и тоа:

| Шифра на дејноста | Назив на дејноста | Пропорции | | Појдовни големини | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Учество на потрошувачката во доходот (во %) | Учество на акумулацијата во доходот (во %) | Доход по работник (во 000 динари) | Доход по средства (во %) | Бруто ЛД по работник месечно (во 000 динари) | Стапка на акумулативност (во %) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | ВКУПНО СТОПАНСТВО | 70,2 | 14,3 | 3.946 | 30,7 | 205 | 5,99 |
| 01 | ИНДУСТРИЈА | 68,7 | 15,7 | 3.663 | 25,7 | 188 | 5,71 |
| 0101 | Електростопанство | 53,1 | 15,8 | 7.300 | 9,6 | 262 | 1,29 |
| 0102 | Производство на јаглен | 76,5 | 11,0 | 5.536 | 41,0 | 309 | 4,50 |
| 0103 | Преработка на јаглен | 40,8 | 41,4 | 8.425 | 20,2 | 223 | 10,70 |
| 0104 | Произвводство на нафта и гас | 51,4 | 24,3 | 8.702 | 8,8 | 273 | 3,33 |
| 0105 | Производство на деривати на нафта | 52,8 | 13,8 | 5.516 | 9,0 | 232 | 3,93 |
| 0106 | Производство на руда на железо | 63,5 | 8,2 | 3.512 | 20,2 | 171 | 2,19 |
| 0107 | Црна металургија | 62,2 | 15,3 | 3.650 | 12,4 | 200 | 2,64 |
| 0108 | Производство на руда на обоени метали | 78,8 | 6,8 | 2.973 | 14,5 | 170 | 2,13 |
| 0109 | Производство на обоени метали | 68,7 | 9,0 | 3.086 | 8,1 | 182 | 1,38 |
| 0110 | Преработка на обоени метали | 61,1 | 17,9 | 4.030 | 22,2 | 201 | 5,15 |
| 0111 | Производство на неметали | 72,0 | 13,4 | 2.997 | 36,6 | 165 | 5,00 |
| 0112 | Преработка на неметали | 69,9 | 12,4 | 3.205 | 40,1 | 165 | 6,30 |
| 0113 | Металопреработувачка дејност | 72,9 | 13,1 | 3.872 | 41,1 | 210 | 9,16 |
| 0114 | Машиноградба | 69,1 | 17,9 | 4.307 | 34,3 | 220 | 12,97 |
| 0115 | Производство на сообраќајни средства | 70,7 | 11,3 | 3.989 | 34,4 | 200 | 7,67 |
| 0116 | Бродоградба | 66,3 | 25,1 | 5.046 | 14,1 | 255 | 13,07 |
| 0117 | Производство на електрични машини и апарати | 69,5 | 14,3 | 4.121 | 35,0 | 206 | 10,30 |
| 0118 | Производство на хемиски производи | 65,3 | 17,0 | 4.565 | 12,6 | 223 | 5,92 |
| 0119 | Преработка на хемиски производи | 61,8 | 18,8 | 4.873 | 32,3 | 221 | 10,13 |
| 0120 | Производство на камен и песок | 76,0 | 14,4 | 3.226 | 48,6 | 187 | 8,19 |
| 0121 | Производство на градежен материјал | 71,3 | 12,7 | 2.780 | 30,9 | 151 | 4,04 |
| 0122 | Производство на режана граѓа и плочи | 75,0 | 10,8 | 2.855 | 37,7 | 165 | 5,46 |
| 0123 | Производство на финални производи од дрво | 81,6 | 8,3 | 3.502 | 39,1 | 210 | 6,45 |
| 0124 | Производство и преработка на хартија | 60,6 | 19,7 | 4.530 | 22,5 | 199 | 7,97 |
| 0125 | Производство и преработка на ткаенини | 69,5 | 13,7 | 3.132 | 41,6 | 162 | 9,17 |
| 0126 | Производство на готови текстилни произоди | 74,8 | 13,9 | 3.234 | 54,9 | 183 | 14,57 |
| 0127 | Производство на кожа и крзна | 62,3 | 28,5 | 3.722 | 36,9 | 190 | 15,17 |
| 0128 | Производство на кожни обувки и галантерија | 78,6 | 10,0 | 3.256 | 64,8 | 187 | 12,67 |
| 0129 | Преработка на каучук | 65,5 | 13,0 | 3.805 | 48,7 | 189 | 9,17 |
| 0130 | Производство на прехранбени производи | 70,0 | 19,6 | 3.711 | 21,9 | 200 | 6,10 |
| 0131 | Производство на пијачки | 62,4 | 25,8 | 4.033 | 29,1 | 189 | 8,62 |
| 0132 | Производство на добиточна храна | 61,0 | 24,4 | 3.853 | 15,5 | 178 | 5,34 |
| 0133 | Производство и преработка на тутун | 55,8 | 34,0 | 5.118 | 29,7 | 204 | 15,17 |
| 0134 | Графичка дејност | 72,8 | 11,4 | 2.521 | 61,3 | 178 | 7,40 |
| 0135 | Доработка, преработка и производство на суровини од отпадоци | 67,3 | 17,1 | 4.887 | 58,9 | 216 | 12,89 |
| 0139 | Производство на разновидни производи | 58,7 | 27,2 | 5.822 | 33,3 | 254 | 18,84 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 02 | ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РИБАРСТВО | 69,3 | 16,3 | 3.258 | 20,9 | 174 | 3,44 |
| 03 | ШУМАРСТВО | 74,5 | 14,3 | 3,463 | 32,7 | 195 | 2,78 |
| 04 | ВОДОСТОПАНСТВО | 71,8 | 15,8 | 3.658 | 14,7 | 191 | 1,14 |
| 05 | ГРАДЕЖНИШТВО | 79,6 | 10,6 | 2.541 | 41,2 | 160 | 5,60 |
| 06 | СООБРАЌАЈ И ВРСКИ | 69,4 | 8,6 | 3.561 | 30,7 | 186 | 2,75 |
| 0601 | Железнички сообраќај | 74,0 | 1,8 | 3.260 | 19,7 | 183 | 0,32 |
| 0602 | Поморски сообраќај | 54,2 | 15,9 | 6.886 | 36,2 | 279 | 9,29 |
| 0603 | Речен и езерски сообраќај | 77,1 | 7,6 | 2.918 | 34,4 | 158 | 2,13 |
| 0604 | Воздушен сообраќај | 52,2 | 14,8 | 7.111 | 20,8 | 281 | 5,37 |
| 0607 | Цевоводен транспорт | 35,0 | 23,0 | 22.304 | 6,6 | 342 | 5,14 |
| 0609 | ПТТ сообраќај | 65,1 | 15,7 | 3.979 | 34,4 | 186 | 4,07 |
| 07 | ТРГОВИЈА | 65,5 | 17,0 | 5.164 | 31,6 | 230 | 14,38 |
| 08 | УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ | 72,9 | 12,8 | 4.056 | 47,5 | 213 | 4,92 |
| 09 | ЗАНАЕТЧИСТВО | 75,2 | 11,3 | 4.601 | 88,9 | 255 | 13,14 |

24б. Доходот во смисла на точка 24а од оваа одлука претставува остварениот доход по намалување на делот од доходот од чл. 80 и 81 на Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86 и 42/87).

24в. Номиналните годишни вредности на планираните пропорции и поједовните големини од точка 24а од оваа одлука организациите на здружен труд од областа на стопанството ќе ги коригираат зависно од движењето на цените на своите производи и услуги во второто полугодине на 1987 година, задолжувајќи ги релативните односи во распоредувањето на чистиот доход и зависно од остварената продуктивност на трудот."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 220
29 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

## 594.

Врз основа на член 269 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85 и 38/86), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА КАМАТАТА НА ИЗНОСОТ НА ЦАРИНАТА И НА ДРУГИТЕ УВОЗНИ ДАВАЧКИ ШТО НЕ Е НАПЛАТЕН ВО ПРОПИШАНИОТ РОК

1. Во Одлуката за висината на каматата на износот на царината и на другите увозни давачки што не е наплатен во пропишаниот рок („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/86), во точка 1 зборовите: „по стапка од два промила за секој ден на задоцнување" се заменуваат со зборовите: „во височина на утврдената есконтна стапка на Народната банка на Југославија, зголемена за 40%".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п. бр. 213
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

## 595.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ВЕНТИЛАЦИЈА НА РУДНИЧКИ ПРОСТОРИИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ЗАШТИТА ОД ЈАМСКИ ПОЖАРИ

Член 1

Во Правилникот за југословенските стандарди за вентилација на руднички простории и технички услови за заштита од јамски пожари („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/87) во член 1 точка 6 се брише.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/147
29 мај 1987 година
Белград

Директор
не Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

## 596.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЧИСТИ ХЕМИКАЛИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за чисти хемикалии кој го има следниот назив и ознака:

Чисти хемикалии. Подготвување, стандардизација и чување на стандардните волуметриски раствори за хемиски анализи — — — — — — — — — — — — — JUS H.G0.001

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на чисти хемикалии што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/107
7 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с.р.

## 597.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ДУРУМ-ПЧЕНИЦА ЗА МЕЛНИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за дурум-пченица за мелничката индустрија кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Дурум-пченица како суровина за мелничката индустрија. Општи услови за квалитет — — — — — — — — — — — — JUS E.B1.201
2) Дурум-пченица за мелничката индустрија. Определување на жолт пигмент. Спектрофотометриски метод — — — — JUS E.B8.035
3) Дурум-пченица за мелничката индустрија. Определување на целосно стаклести зрна — — — — — — — — — — JUS E.B8.045
4) Дурум-пченица за мелничката индустрија. Определување на влажен глутен JUS E.B8.046

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на дурум-пченица за мелничката индустрија што ќе се произведе односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/95
7 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

## 598.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ХАРТИЈА, КАРТОН И ЛЕПЕНКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за хартија, картон и лепенка кој ги има следните називи и ознаки:

Хартија, картон и лепенка. Секундарни суровини од хартиени отпадоци. Класификација и услови за квалитет — — JUS H.N1.001

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на хартија, картон и лепенка што ќе се произведе односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Чллан 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/108
7 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

## 599.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ ВО МАШИНСТВОТО

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за технички цртежи во машинството кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Технички цртежи во машинството. Упростено прикажување на средишните гнезда — — — — — — — — — — — — — — JUS M.A0.075
2) Технички цртежи во машинството. Толеранции на должините и аглите. Прикажување на цртежите — — — — — — — JUS M.A0.081

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на технички цртежи во машинството од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/117
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

## 600.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ГЕНЕРАТОРИ НА ТОПЛИНА ЗА ГРЕЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за генератори за топлина за греење кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Генератори на топлина за греење. Котли за цврсти горива. Конструкција и барања за квалитет — — — — — — — — — JUS M.E6.110

2) Генератори на топлина за греење. Котли за течни и гасни горива со вентилаторски горилник. Конструкција и барања за квалитет — — — — — — — — — — — — — JUS M.E6.120

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на генератори на топлина за греење што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/120
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

## 601.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЗАШТИТА ОД КОРОЗИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за заштита од корозија кој го има следниот назив и ознака:

Заштита од корозија. Метални и други неоргански превлаки. Термини и дефиниции и општи правила за мерење на дебелината — — — — — — — — — — — — — JUS C.A6.005

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на заштита од корозија од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/98
7 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

## 602.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА АЗБЕСТНО-ЦЕМЕНТНИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за азбестно-цементни производи кој го има следниот назив и ознака:

Азбестно-цементни производи. Цевки под притисок и спојници. Класификација, карактеристики, проверувања, преглед и прием — — — — — — — — — — — JUS B.C4.08

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува на азбес-

тно-цементни производи што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Решението за југословенскиот стандард од областа на градежништвото („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/132
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с.р.

**603.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НИКЕЛ, ЛЕГУРИ ОД НИКЕЛ, ОБОЕНИ МЕТАЛИ И ЛЕГУРИ НА ОБОЕНИ МЕТАЛИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за никел, легури од никел, обоени метали и легури на обоени металии кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Методи за испитување на хемискиот состав на никел и легури од никел. Определување содржината на никел во фероникелот. Гравиметриски метод — — — — JUS C.A1.431

2) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и легурите од бакар. Определување содржината на антимон. Спектрофотометриски метод — — — — JUS C.A1.626

3) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и легурите од бакар. Определување содржината на калајот. Методи на атомска апсорпциона спектрофотометрија — — — — — — — — — — — — — JUS C.A1.630

4) Методи за испитување на хемискиот состав на бакарот и легурите од бакар. Определување содржината на среброто. Метод на атомска апсорпциона спектрофотомметрија — — — — — — — — — — — JUS C.A1.631

5) Методи за испитување хемискиот состав на среброто. Определување содржината на нечистотии во среброто. Спектрографски метод — — — — — — — — JUS C.A1.650

6) Методи за испитување на хемискиот состав на среброто. Определување содржината на среброто. Волуметриски метод — — — — — — — — — — — — — — JUS C.A1.651

7) Методи за испитување хемискиот состав на среброто. Определување содржината на среброто. Гравиметриски метод — — — — — — — — — — — — — — JUS C.A1.653

8) Методи за испитување хемискиот состав на никелот и легурите од никел. Определување содржината на сребро, бизбут, кадмиум, кобалт, бакар, манган, олово и цинк. Метод на атомска апсорпциона спектрофотометрија — — — — — — — — — — JUS C.A1.701

9) Метод за испитување на хемискиот состав на никелот, легурите на никел и фероникел. Определување содржината на јаглерод. Метод на инфрацрвена апсорпција — — — — — — — — — — — — — — JUS C.A1.703

10) Методи за испитување на хемискиот состав на никелот, легурите од никел и фероникел. Определување содржината на сулфурот. Волуметриски метод — — — JUS C.A1.704

11) Бакар и легури од бакар. Кислороден бакар. Технички услови — — — — JUS C.D1.007

12) Бакар и легури од бакар. Бескислороден бакар. Технички услови — — — JUS C.D1.008

13) Бакар и легури од бакар за гмечење. Топловалана бакарна жица по постапката Дип-форминг. Технички услови — — JUS C.D6.400

14) Бакар и легури од бакар за гмечење. Топловалана бакарна жица. Технички услови — — — — — — — — — — — — — — JUS C.D6.500.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се сотавен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на никел, легури од никел, обоени метали и легури на обоени метали од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Бакар и легури од бакар. Бескислороден бакар. Технички услови — — — — — JUS C.D1.008

донесен со Правилникот за југословенските стандарди за бакар и легури од бакар („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/82).

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за југословенските стандарди за бакар и легури од бакар („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/77).

Член 6

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/138
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**604.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ХАРТИЈА, КАРТОН И ЛЕПЕНКА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за хартија, картон и лепенка кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Хартија, картон и лепенка. Шренц-хартија за изработка на брановит картон. Технички услови — — — — — — — — — JUS H.N5.103
2) Испитување на хартија и картон. Определување пропусливоста на воздух (среден опсег) и метод по Гарли — — — JUS H.N8.120
3) Испитување на хартија и картон. Определување пропусливост на воздух (среден опсег). Метод по Шопер — — — JUS H.N8.121
4) Испитување на хартија и картон. Определување пропусливост на воздух (среден опсег). Метод по Бенсан — — — JUS H.N8.122
5) Испитување на хартија и картон. Определување пропусливост на воздух (среден опсег). Општ метод — — — — — JUS H.N8.126

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенските стандарди JUS H.N8.120, JUS H.N8.121, JUS H.N8.122 и JUS.H.N8.126 не е задолжително.

Југословенскиот стандард JUS H.N5.103 е задолжителен во целост, а ќе се применува на хартија, картон и лепенка што ќе се произведе односно увезе од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Испитување на хартија и картон. Определување пропусливост на воздух JUS H.N8.126 донесен со Решението за југословенските стандарди од обласга на испитувањето на хартија и картон („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/70).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/127
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

**605.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЧЕЛИЧНИ ЈАЖИЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за челични јажиња кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Плоскати конични чаури за челични јажиња. Облик и мери — — — — — — JUS C.H1.305
2) Прицврзници за влек на патнички автомобили со еден затворачки дел. Облик, мери и особини — — — — — — — — — JUS C.H1.310
3) Прицврзници за влек на патнички автомобили со два затворачка дела. Облик, мери и особини — — — — — — — — — JUS C.H1.311
4) Прицврзници за влек на автомобили за превоз на товар и трактори. Облик, мери и особини — — — — — — — — — — JUS C.H1.318

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на челични јажиња што ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи југословенскиот стандард кој го има следниот назив и ознака:

Плоскати конични чаури. Облик и мери JUS C.H1.305 донесен со Правилникот за југословенските стандарди за плоскати конични чаури и ушки за челични јажиња („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/82).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/119
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ, с. р.**

**606.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АРХИТЕКТОНСКО - ГРАДЕЖНИ ЦРТЕЖИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за архитектонско-градежни цртежи кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Архитектосно-градежни цртежи. Прикажување на модуларни големини, линии и мрежи — — — — — — — — — — — JUS. U.A0.001
2) Архитектонско-градежни цртежи. Означување на соби и други простори — JUS U.A0.003
3) Архитектонско-градежни цртежи. Внатрешни инсталации. Прикажување на санитарни уреди — — — — — — — — — — JUS U.A0.005
4) Архитектонско-градежни цртежи. Цртежи за монтажа на префабрикувани конструкции — — — — — — — — — — — JUS U.A0.008
5) Архитектонско-градежни цртежи. Котирање на изведбени цртежи. Претставување на производствени и работни големини — — — — — — — — — — — — — JUS U.A0.010

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенските стандарди JUS U.A0.003 и JUS U.A0.005, чие применување не е задолжително, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на архитектонско-градежните цртежи од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/140
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**607.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЛИФТОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за лифтови кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Лифтови. Вградување на лифтови од I, II и III вид. Мери, носивост и брзина JUS M.D1.510
2) Лифтови. Вградување на лифтови од IV вид. Мери, носивост и брзина — — JUS M.D1.511
3) Лифтови. Забравна врата на возното окно. Испитување — — — — — — — — JUS M.D1.570
4) Лифтови. Фаќачки уред. Испитување — — — — — — — — — — — — — — — JUS M.D1.572
5) Лифтови. Граничник на брзината. Испитување — — — — — — — — — — — — — JUS M.D1.573
6) Лифтови. Одбојник. Испитување JUS M.D1.574

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на вградување и испитување на лифтови од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престанува да важи Правилникот за југословенските стандарди за лифтови („Службен лист на СФРЈ", бр. 48/84).
Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/118
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с.р.

**608.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА БИТУМЕНСКИ ИЗОЛАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за битуменски изолации кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Непосипан, со битумен импрегниран покривен картон. Услови за квалитет JUS U.M3.220
2) Битуменска лента со влошка од суров картон. Услови за квалитет — — — — JUS U.M3.226
3) Битуменизиран покривен картон. Услови за квалитет — — — — — — — — — JUS U.M3.232

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на битуменски изолации кои ќе се произведат односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Импрегниран покривен картон, непосипан со битумен. Услови за квалитет JUS U.M3.220
2) Битуменска лента со влошка од суров покривен картон. Услови за квалитет JUS U.M3.226
3) Битуменски покривен картон. Услови за квалитет — — — — — — — — — — JUS U.M3.232

донесени со Решението за југословенските стандарди за битуменски изолации („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/74).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на три месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/117
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**609.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЛУМИНИУМ И ЛЕГУРИ НА АЛУМИНИУМ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за алуминиум и легури на алуминиум кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Алуминиум и легури на алуминиум. Означување на производите — — — — JUS C.C0.002

2) Алуминиум и легури на алуминиум. Регистар на бројните ознаки на хемискиот состав — — — — — — — — — — — — JUS C.C0.005

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат на алуминиум и легури на алуминиум што се ќе произведат односно увезат од денот на влегувањето на овој правилник во сила.

Член 4

Со денот на влегувањето на овој правилник во сила престануваат да важат југословенските стандарди кои ги имаат следните називи и ознаки:

1) Алуминиум и легури на алуминиум. Означување на производите — — — — JUS C.C0.002

2) Алуминиум и легури на алуминиум. Регистар на редните броеви и на бројчените ознаки на хемискиот состав — — JUS C.C0.005

донесени со Правилникот за југословенските стандарди за алуминиум и легури на алуминиум („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/80).

Член 5

Овој правилник влегува во сила по истекот на два месеца од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/116
15 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с.р.

**610.**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА И КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЕТАЛОНИТЕ НА ЕДИНИЦА ЗА АКТИВНОСТ НА РАДИОАКТИВНИТЕ ИЗВОРИ – АЛФА ЕМИТЕРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на употреба и класификација на еталоните на единица за активност на радио-активните извори – алфа емитерите.

Член 2

Југословенскиот (примарен) еталон на единица за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите се употребува за утврдување на метролошките својства на секундарните еталони, и тоа на:

1) пропорционалните проточни бројачи во 2 π во геометријата, полуспроводничките и сцинтилационите детектори чија вкупна мерна несигурност не е поголема од ± 6% со веројатност од 99%;

2) радиоактивните извори – алфа емитерите чија активност е определена со вкупната мерна несигурност помала од ± 6%, со веројатност од 99%.

Член 3

Југословенскиот (примарен) еталон е даден на првото ниво од шематскиот приказ на класификацијата на еталоните на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите, што го носи називот: „Југословенски (примарен) еталон на единица за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите".

Член 4

Секундарните еталони на единица за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите се употребуваат за утврдување на метролошките својства на работните еталони, и тоа на:

1) јонизационите комори, пропорционалните бројачи, сцинтилационите и полуспроводничките детектори, чија вкупна мерна несигурност не е поголема од ± 10%, со веројатност од 99%;

2) радиоактивните извори – алфа емитерите чија активност е определена со мерна несигурност која не е поголема од ± 10% , со веројатност од 99%.

Член 5

Секундарниот еталон на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите е даден на второто ниво од шематскиот приказ на класификацијата на еталоните на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите, што го носи називот: „Секундарни еталони на единица за радиоактивност на радиоактивните извори-алфа емитерите".

Член 6

Работните еталони на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите се употребуваат за преглед на мерилата, и тоа на:

1) јонизационите комори, пропорционалните бројачи, сцинтилационите и полуспроводничките детектори чија граница на релативна грешка е помала од ± 35%;

2) радиоактивните извори – алфа емитерите чија активност е определена со граница на грешката помала од ± 35%.

Член 7

Работниот еталон на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите се наоѓа на третото ниво од шематскиот приказ на класификацијата на еталоните на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите, што го носи називот: „Работни еталони на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите".

Член 8

Класификацијата на еталоните на единицата за активност на радиоактивните извори – алфа емитерите се објавува, согласно со член 23 став 3 од Законот за мерните единици и мерилата, во гласилото на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-353
4 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р **Милан Межек**, с. р.

**611.**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБА И КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЕТАЛОНИ НА ЕДИНИЦА ЗА АКТИВНОСТ НА РАДИО-АКТИВНИТЕ ИЗВОРИ - ГАМА ЕМИТЕРИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот на употреба и класификација на еталоните на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите.

Член 2

Југословенскиот (примарен) еталон на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите се употребува за утврдување на метролошките својства на секундарните еталони, и тоа на:

1) радиоактивните извори - гама емитерите чија активност е определена со мерна несигурност која не е поголема од ± 5%, со веројатност од 99%;

2) сцинтилационите и полупроводничките детектори чија вкупна мерна несигурност не е поголема од ± 5%, со веројатност од 99%;

3) 4 π - гама јонизациони комори чија вкупна мерна несигурност не е поголема од ± 5%, со веројатност од 99%.

Член 3

Југословенскиот (примарен) еталон е даден на првото ниво од шематскиот приказ на класификацијата на еталони што го носи називот: „Југословенски (примарен) еталон на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите".

Член 4

Секундарните еталони на единицата за активност на радиоактивните извори - гама емитерите се употребуваат за утврдување на метролошките својства на работните еталони, и тоа на:

1) јонизационите комори, сцинтилационите и полуспроводничките детектори чија вкупна мерна несигурност не е поголема од ± 10%, со веројатност од 99%;

2) радиоактивните извори - гама емитерите чија активност е определена со вкупната мерна несигурност која не е поголема од ± 10%, со веројатност од 99%.

Член 5

Секундарниот еталон на единицата за активност на радиоактивните извори - гама емитерите е даден на второто ниво од шематскиот приказ на класификацијата на еталоните на единицата за активност на радиоактивните извори - гама емитерите што го носи називот: „Секундарен еталон на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите".

Член 6

Работните еталони на единицата за активност на радиоактивните извори - гама емитерите се употребуваат за преглед на мерилата, и тоа на:

1) јонизационите комори, сцинтилационите бројачи и спектрометрите, полупроводничките бројачи и спектрометрите чија граница на релативна грешка е помала од ± 35%;

2) радиоактивните извори - гама емитерите чија активност е определена со границата на релативна грешка помала од ± 35%.

Член 7

Работниот еталон на единицата за активност на радиоактивните извори - гама емитерите е даден на третото ниво од шематскиот приказ на класификацијата на еталоните на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите, што го носи називот: „Работен еталон на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите".

Член 8

Класификацијата на еталоните на единицата за активност на радиоактивните извори - гама емитерите се објавува, согласно со член 23 став 3 од Законот за мерните единици и мерилата, во гласилото на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-355
4 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузен завод за мери и
скапоцени метали
м-р **Милан Межек**, с. р.

**612.**

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОПТИЧКИ ПИРОМЕТРИ СО ИСЧЕЗНУВАЧКА НИШКА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат оптичките пирометри со исчезнувачка нишка - мерила на температура во опсег од 400 °C до 6000 °C (во натамошниот текст: оптички пирометри).

Одредбите на овој правилник се однесуваат и на микропирометри за мерење на температурата на сјајот на предметите во видлив и инфрацрвен спектар кои работат врз принципот на исчезнување на нишката.

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено MUS.K-3/1.

Член 2

Оптичките пирометри се делат на две класи на точност:

1) пирометри со обична точност;
2) пирометри со висока точност.

Член 3

Вредност на сопствената грешка на оптичкиот пирометар е разликата меѓу средната вредност на 5 мерења на температурата и вистинската вредност на температурата и не смее да биде поголема од вредностите дадени во следната табела:

| Класа на точност | Температурен опсег (°C) | Најголема дозволена вредност на сопствената грешка изразена во процент од горната граница на мерниот опсег на оптичкиот пирометар |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| обична | 400 до 800 | ± 1,5 |
| | 800 до 1400 | ± 1,5 |
| | 1400 до 2000 | ± 1,5 |
| | 2000 до 3200 | ± 2,5 |
| | 3200 до 6000 | ± 4,0 |
| висока | 400 до 800 | ± 1 |
| | 800 до 1400 | ± 0,6 |
| | 1400 до 2000 | ± 0,6 |
| | 2000 до 3200 | ± 1,2 |
| | 3200 до 6000 | ± 2,0 |

Вредностите на грешките од став 1 на овој член ја содржат и вредноста на грешката на електричниот мерен инструмент во вообичаени услови на употреба (20 °C ± 5 °C).

Член 4

Вредноста на грешката на повторливост на оптичкиот пирометар е разликата меѓу најголемото и најмалото покажување на оптичкиот пирометар во низа од пет мерења на иста температура на исто тело и не смее да биде поголема од вредностите дадени во следната табела:

| Класа на точност | Температурен опсег (°C) | Најголема дозволена грешка на повторливост изразена во проценти од горната граница на мерниот опсег на оптичкиот пирометар |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| обична | 400 до 800 | ± 1 |
| | 800 до 1400 | ± 1 |
| | 1400 до 2000 | ± 1 |
| | 2000 до 3200 | ± 2 |
| | 3200 до 6000 | ± 3 |
| висока | 400 до 800 | ± 0,5 |
| | 800 до 1400 | ± 0,25 |
| | 1400 до 2000 | ± 0,25 |
| | 2000 до 3200 | ± 1,0 |
| | 3200 до 6000 | ± 1,0 |

Вредноста на грешките од став 1 на овој член ја содржат и грешката на повторливост на електричниот мерен инструмент во вообичаени услови на употреба (20 °C ± 5 °C).

Член 5

Промените на покажувањето на оптичкиот пирометар настанати поради промената на температурата на воздухот на амбиентот, внатре во нормалните граници на работните температури од 0 °C до + 40 °C, не смеат да бидат поголеми од половината на вредноста на сопствената грешка за секои 10 °C на промена на температурата на воздухот.

Член 6

При мерењето на температурата на предметите со минимални димензии од член 8 на овој правилник, зголемувањето на грешката на микропирометарот не смее да биде поголемо од половината на дозволената сопствена грешка од член 4 на овој правилник.

Член 7

Оптичкиот пирометар ги има следните делови:

1) оптички елементи (објективи, окулари и сл.);

2) пирометарска ламба со приклучок за променливо напојување и со инструмент за мерење на јачината на електричната струја што протекува низ ламбата. Приклучокот за променливо напојување и приклучокот за мерење на јачината на електричната струја не мораат да бидат составни делови на оптичкиот пирометар;

3) апсорпционен елемент конструиран така што да го слабее привидниот сјај на испитуваните тела, кога телата се на температура која преминува 1400 °C или 1225 °C;

4) црвен филтер за мерење на температурата во видлив спектар;

5) инфрацрвен конвектор на слика и филтер за мерење на температурата во инфрацрвениот спектар.

Член 8

Микропирометрите мораат да бидат така конструирани што да ја мерат температурата на предмети со димензии еднакви или помали од 100 μm.

Член 9

Ефективната бранова должина на оптичкиот пирометар кој содржи црвен филтер мора да биде еднаква на 0,655 μm ± 0,01 μm.

Оптичките пирометри можат да имаат и друга вредност на ефективна бранова должина, ако таа за него е назначена.

Член 10

Ефективната бранова должина на оптичкиот пирометар кој содржи инфрацрвен конвектор на слика мора да биде еднаква на 1 μm ± 0,1 μm.

Член 11

Апсорпционите елементи треба да се такви што вредноста на пирометарското слабеење, A, да е константна и во границите ± 1,5 × $10^{-6}K^{-1}$.

Член 12

Лентите на пирометарските ламби треба да имаат таква форма што областа на лентата што се користи да е точно дефинирана, а ако лентата е правоаголна, делот од лентата што ќе се користи треба да биде јасо означен.

Член 13

Показната направа на обичен пирометар може да има една, две или повеќе скали. Скалите мораат да бидат означени во °C или K. Ист оптички пирометар не може да има показна направа чија скала истовремено е означена во °C или во K.

Член 14

Натписите и ознаките на оптичкиот пирометар мораат да бидет испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 15

На оптичкиот пирометар мораат да се наоѓаат следните натписи и ознаки:

1) фирма односно назив или знак на произќводителот;

2) фабрички број.

Покрај податоците од став 1 на овој член, на оптичкиот пирометар мораат да бидат дадени и следните податоци:

1) тип на оптичкиот пирометар;

2) мерен опсег;

3) година на производството;

4) ефективна бранова должина;

5) службена ознака на типот на оптичкиот пирометар, ако е извршено испитување на типот;

6) односот на електричната струја на напојување на пирометарската ламба и на температурата за оптички пирометри без показна направа.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-601
14 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р **Милан Межек**, с.р.

## 613.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАСЦИТЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА, ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА И ЗА ПОДАТОЦИТЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ДОСТАВУВААТ КОН ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТОНАРОДНАТА ОДБРАНА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Самоуправните организации и заедници, месните заедници, општините, градските заедници и регионалните заедници, републиките и автономните покраини и федерацијата - корисници на средствата за развој на општонародната одбрана - (во натамошниот текст: корисници на средствата за развој на општонародната одбрана) ги пополнуваат обрасците: Биланс на состојбата на средствата за развој на општонародната одбрана на ________ 19 ___ година (во натамошниот текст: Биланс на состојбата) и Приходи и расходи на средствата за развој на општонародната одбрана во текот на годината - Биланс на приходите и расходите од 1 јануари до ________ 19 ______ година (во натамошниот текст: Биланс на приходите и расходите) и доставуваат периодична пресметка и завршна сметка, како и податоци и документација кон периодичната пресметка и завршната сметка, на начинот предвиден со овој правилник.

Член 2

При пополнувањето на обрасците од член 1 на овој правилник, во поглед на содржината на одделните конта што се означени во колона 2 на тие обрасци, корисниците на средствата за развој на општонародната одбрана постапуваат според одредбите од Правилникот за содржината на одделни конта во контниот план за средствата за развој на општонародната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 42/87), а во поглед на содржината на одделни позиции во тие обрасци - според одредбите од овој правилник.

Член 3

Паричните вредности во обрасците од член 1 на овој правилник се искажуваат во динари без пари.

Член 4

Корисникот на средствата за развој на општонародната одбрана доставува до службата за општествено книговодство кај која се води неговата жиро-сметка (во натамошниот текст: службата) периодична пресметка и завршна сметка на обрасците од член 1 на овој правилник.

Член 5

Корисниците на средствата за равзој на општонародната одбрана доставуваат до службата по еден примерок на обрасците од член 1 на овој правилник.

Корисникот на средствата за развој на општонародната одбрана доставува периодична пресметка односно завршна сметка до службата, во роковите определени во член 38 на Законот за книговодството.

Надлежниот орган на општината може да одлучи да составува една периодична односно завршна сметка за средствата за развој на општонародната одбрана за сите месни заедници на своето подрачје.

### II. СОДРЖИНА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАЗЕЦОТ БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА

Член 6

Билансот на состојбата се составува врз основа на книговодствените податоци.

Во образецот Биланс на состојбата, под ред. бр. 1 до 88, се внесуваат пдоатоци од соодветните конта на означени во колона 2 на тој образец, така што во колона 4 се внесуваат податоци од завршната сметка на претходната година, а во колона 5 - податоци за годината за која се составува завршната сметка, според состојбите искажани на одделните конта на крајот на годината за која се поднесува завршната сметка.

### III. СОДРЖИНА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАЗЕЦОТ БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ

Член 7

Образецот Биланс на приходите и расходите се составува врз основа на книговодствените податоци.

Во образецот Биланс на приходите и расходите, во колона 4, се внесуваат податци од колона 5 на завршанта сметка за претходната година, а во колона 5 - податоци од соодветните конта назначени во колона 2 на тој образец за годината за која се составува завршанта сметка.

Член 8

Во текот на деловната година, за периодот јануари - јуни, во образецот Биланс на приходите и расходите, во колона 4, се внесуваат податоци од колона 5 на периодичната пресметка за истиот преирод од претходната година, а во колона 5 - податоци од соодветните конта назначени во колона 2 на тој образец за тековната година.

### IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Во согласност со одредбата на член 7 од Уредбата за Контниот план и за билансите за средствата за развој на општонародната одбрана („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/87), корисникот на средствата за развој на општонародната одбрана ќе состави периодична пресметка за периодот од 1 јануари до 30 јуни 1987 година и на образецот Биланс на состојбата, со тоа што податоците за колона 4 ќе ги обезбеди со состојба на средствата за развој на општонародната одбрана на 31 декември 1986 година, а колона 5 не ја пополнува.

По исклучок од одредбите на член 7 став 2 и член 8 од овој правилник, корисникот на средствата за развој на општонародната одбрана во 1987 година во образецот Биланс на приходите и расходите не ја пополнува колона 4.

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7-1
18 јуни 1987 година
Белград

Сојузен секретар за
финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

## 614.

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85 и 71/86) и член 64а од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УСЛОВИТЕ И РОКОВИТЕ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОДОБРИ ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ НА НАПЛАТА НА ИЗВЕЗЕНИТЕ СТОКИ И УСЛУГИ

1. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може на организацијата на здружен труд регистрирана за вршење работи на

надворешнотрговски промет да и одобри наплата на извезените стоки и услуги да изврши во рок подолг од рокот од член 42 ст. 1 и 2 од Законот за девизното работење (во натамошниот текст: Законот), под условите и роковите определени со оваа одлука.

Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може рокот од член 42 став 1 на Законот еднократно да го продолжи, ако случаите пропишани со оваа одлука настанале пред истекот на рокот од 60 дена и ако за тоа се поднесе соодветна документација во согласност со одредбите на оваа одлука.

Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може од подносителот на барањето да бара и други податоци и документација значајна за донесување решение по барањето.

Барање за продолжување на рокот на наплата се поднесува во согласност со одредбите на Законот за општата управна постапка.

2. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може на организацијата на здружен труд еднократно да и даде одобрение за продолжување на рокот од член 42 став 1 на Законот, и тоа:

1) до 45 дена - ако се врши наплата на стоки и услуги извезени во земјите на Европа и земјите на Средоземјето;

2) до 60 дена - ако се врши наплата на стоки и услуги извезени во прекуморски земји;

3) до 150 дена - ако се врши наплата на стоки и услуги извезени во земјите во развој со кои наплатата 'е отежната.

Одобрение од став 1 на оваа точка народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може да даде во следните случаи:

1) ако по извозот на стоки и услуги во земјата- купувач на стоките и услугите дошло до воена состојба, државен удар, елементарна непогода (земјотрес, поплава, пожар) или штрајк, што се докажува со потврда од дипломатското односно конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или со потврда на претставништвото на Стопанската комора на Југославија во односната земја за настанувањето на таква состојба односно настанувањето на елементарна непогода или штрајк. Со оваа потврда се докажува дека спомenatите околности оневозможиле навремено плаќање;

2) ако стоките исчезнале на патот, па поради тоа е поднесно барање за надомест на штетата во Југославија или во странство, што се докажува со потврда за пријава на штетата на осигурителната организација;

3) ако постои несогласување меѓу купувачот и продавачот во врска со утврдувањето на конечната цена на стоките поради тоа што со договорот е предвидена привремена цена на стоките (котација, со анализа на мостри и др.), што се докажува со документ за несогласување во поглед на утврдувањето на конечната цена на стоките;

4) ако купувачот ставил забелешка на квалитетот или квантитетот на испорачаните стоки, а договорено е, квалитативно и квантитативно преземање на стоките во странство или не е договорен квалитативен прием на стоки, а во прашање се сокриени недостатоци на стоките, што се докажува со записник на странскиот купувач;

5) ако продавачот извезените стоки ги насочил на друг купувач поради тоа што купувачот станал инсолвентен, што над купувачот е отворена стечајна постапка, што купувачот одбил да ги прими стоките, што извезените стоки се вратени и др., што се докажува со документ од надлежните органи на земјата на купувачот дека настапиле причини поради кои стоките се насочуваат на друг купувач, или со записник на странскиот купувач;

6) ако купувачот пратил сигурен документ за извршената уплата во странска банка или е пратен чек за наплата, што се докажува со соодветен документ од странската банка;

7) ако по исплатата на штетата по основ на осигурување и реосигурување странската осигурителна фирма бара додатна документација во поглед на поставеното барање за рефундација, што се докажува со барање од странската осигурителна фирма;

8) ако се извезуваат хартија, автомобили или резервни делови за автомобили, како и финални производи од дрво, што се докажува со извозна царинска декларација.

3. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може на органиацијата на здружен труд еднократно да ѝ одобри продолжување на рокот на наплата до окончувањето на поведената постапка на принудно порамнување на странска фирма или стечајна постапка или арбитражен спор или спор пред надлежниот суд, што се докажува со потврда на дипломатското односно конзуларното претставништво на Социјалистичка Федеративна Република Југославија или со потврда на претставништвото на Стопанската комора на Југославија во односната земја дека е поведена постапка на принудно порамнување односно стечајна постапка односно со примерок на тужбата со докази дека се води спор.

Организацијата на здружен труд е должна писмено да ја извести народната банка на репуубликата односно на автономната покраина за завршувањето на поведената постапка на принудно порамнување на странска фирма или на стечајната постапка или арбитражниот спор или спорот пред надлежниот суд.

4. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може на организацијата на здружен труд еднократно да ѝ одобри продолжување на рокот од член 42 став 2 на Законот, во случај ако должникот во рокот од договорот за кредит ѝ го уплатил износот на втасаната рата на странската банка преку која се врши отплата на кредитот, а странската банка навремено не ја извршила обврската за плаќање спрема југословенската овластена банка односно доверителот по кредитот, и тоа:

1) до 30 дена - за побарувања од земји со кои наплатата е отежната, што се докажува со соодветен документ на странската банка;

2) до 7 работни дена - за побарувања од други земји, што се докажува со потврда на овластената банка.

5. Ако со меѓународен договор се репрограмираат долговите на односната земја или ако надлежните органи од одделни земји официјално ги известиле надлежните југословенски органи дека не можат за определено време да ги намируваат обврските за плаќање, рокот од член 42 ст. 1 и 2 на Законот може да се продолжи до рокот утврден со договорот за репрограмирање односно до рокот што организацијата на здружен труд ќе го договори со нов договор или со анекс кон договорот.

За склучените меѓународни договори односно за продолжувањето на рокот од став 1 од оваа точка, Народната банка на Југославија ги известува народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини.

6. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може еднократно да одобри наплата на извезените стоки и услуги до 90 дена ако е во прашање наплата по основ на:

1) извршени услуги што не преминуваат износ од 90.000 динари;

2) застапничка провизија, агентска провизија и дилерска провизија што не преминуваат износ од 35.000 динари;

3) извоз на мостри што се наплатуваат, а чија вредност не преминува износ од 45.000 динари;

4) извоз на филателистички марки на физички лица што се праќаат во странство како писменосни пратки, чија вредност не преминува износ од 25.000 динари.

Наплата по основите и во износите определени во став 1 од оваа точка не може да се одобри во рокот пропишан во оваа точка ако тие износи претставуваат делови на ненаплатени побарувања.

Динарската противвредност на износите од став 1 на оваа точка се утврдува со примена на курсот од член 35 став 2 на Законот.

7. Ако со склучениот договор за извоз на опрема, со услуга на монтажа, се договорени гарантни рокови и депозити и ако соодветни депозити се задржани како покритие кон гаранцијата за исправноста на испорачаната опрема, наплатата на гарантниот депозит може да се продолжи до рокот што е предвиден со договорот со странскиот купувач, но не подолго од една година, што се докажува со фото-копија на извод од договорот за извоз на опрема.

8. За одделни надворешнотрговински работи што се вршат врз основа на склучени меѓународни договори, конвенции и спогодби, организациите на здружен труд се

должни своите побарувања да ги наплатат во договорениот рок, и тоа:

1) за работи на меѓународен железнички сообраќај, за работи на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони, на Југословенскиот аеротранспорт и Југословенската радио-телевизија со странски поштенски и телефонски управи и радиодифузни органзации (по пресметки за користење на тонски и видео-линии) и Установата за одржување на поморските пловни патишта, Сплит - роковите предвидени во меѓународните договори и конвенции, како и со правилниците за спроведување на тие договори и конвенции, што се докажува со поднесување на тие договори и конвенции на увид;

2) за работи на долгорочна производствена кооперација со странство по кои е договорено наплатување и плаќање преку контокорентна сметка - роковите определени со документ на надлежната народна банка со кој спогодбено е утврдена височината на долгувањето - односно побарувањето на контокорентната сметка, што се докажува со поднесување на тој документ на увид;

3) за работи на извоз на книги, списанија, весници и други публикации, роковите на наплата се - до шест месеци за наплата на извозот во земјите на Европа и до 12 месеци за наплата на извозот во други земји.

9. Организацијата на здружен труд не поднесува барање за продолжување на рокот на наплата од член 42 став 1 на Законот ако е во прашање помал износ кој не ѝ се пријавува на банката туку може да се отпише врз основа на Наредбата за начинот и постапката за правдање на разликите во вредноста настанати во работењето со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/86).

10. Организацијата на здружен труд поднесува до народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина образложено барање за продолжување на рокот на наплата од член 42 на Законот пред истекот на рокот од 60 дена односно пред истекот на договорениот рок за наплата на кредитот или кредитната рата.

11. Барање за продложување на рокот за наплата на извезените стоки и услуги организацијата на здружен труд поднесува на образецот што го пропишува Народната банка на Југославија, заради обезбедување на единствена постапка.

Народните банки на републиките односно народните банки на автономните покраини се должни на Народната банка на Југославија - Секторот за работи на контрола - да ѝ доставуваат месечен извештај за продолжувањето на рокот на наплата на извезените стоки и услуги, и тоа до 10-ти во наредниот месец за претходниот месец.

Народната банка на Југославија ќе пропише упатство со обрасци за изработка на извештај од став 1 на оваа точка.

12. Постапката за донесување решение за продолжувањето на рокот на наплатата на извезените стоки и услуги се води, согласно со член 42 од Законот, според одредбите на Законот за општата управна постапка и одредбите на оваа одлука.

13. За работите што се однесуваат на производи со посебна намена одобрение по оваа одлука може да даде Народната банка на Југославија - Воениот сервис.

14. Ако наплата на побарувањата по работи на извоз на стоки и услуги еднократно се продолжи пред влегувањето во сила на оваа одлука, организацијата на здружен труд нема право да поднесе ново барање за продолжување на рокот на наплата под условите предвидени со оваа одлука.

15. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и роковите под кои може да се одобри продолжување на рокот на наплата на извезените стоки и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/86, 30/86, 51/86, 55/86 и 21/87).

16. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 80
24 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

## 615.

Врз основа на член 24 став 6 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85) и член 25 став 6 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

### НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ОСНОВОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНОТО МЕСЕЧНО ПАРИЧНО ПРИМАЊЕ ВО 1987 ГОДИНА

1. Височината на основот за определување на постојано месечно парично примање според Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" и Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година, утврдена со Наредбата за утврдување на височината на основот за определување на постојаното месечно парично примање од 1 јануари 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/87), се зголемува според порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија за првите три месеци 1987 година во однос на 1986 година за 45,1% и од 1 јануари 1987 година изнесува 130.227 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 553/87
24 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
**Илија Ваќиќ**, с. р.

## 616.

Врз основа на член 3а став 4 од Законот за боречкиот додаток („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76, 32/81, 68/81 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

### НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БОРЕЧКИОТ ДОДАТОК ВО 1987 ГОДИНА

1. Височината на основот за определување на боречкиот додаток, утврдена со Наредбата за утврдување на основот за определување на боречкиот додаток од 1 јануари 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/87), се зголемува според порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија за првите три месеци 1987 година во однос на 1986 година за 45,1% и од 1 јануари 1987 година изнесува 130.227 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 554/87
24 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
**Илија Ваќиќ**, с. р.

**617.**

Врз основа на член 18 став 6 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 21/74, 33/76, 32/81, 68/81, 25/85 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

## НАРЕДБА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСОЧИНАТА НА ПОСТОЈАНОТО МЕСЕЧНО ПАРИЧНО ПРИМАЊЕ ВО 1987 ГОДИНА

1. Височината на постојаното месечно парично примање според Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој, утврдена со Наредбата за утврдување на височината на постојаното месечно парично примање од 1 јануари 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/87), се зголемува според порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија за првите три месеци 1987 година во однос на 1986 година за 45,1% и од 1 јануари 1987 година изнесува 130.227 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 555/87
24 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Илија Вакиќ, с. р.

**618.**

Врз основа на член 49 став 4 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81, 41/83 и 75/85), претседателот на Сојузниот комитет за прашања на борците и воените инвалиди издава

## НАРЕДБА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИТЕ ПАРИЧНИ ИЗНОСИ НА ЛИЧНАТА И СЕМЕЈНАТА ИНВАЛИДНИНА, НА ДОДАТОКОТ ЗА НЕГА И ПОМОШ ОД СТРАНА НА ДРУГО ЛИЦЕ И НА ОРТОПЕДСКИОТ ДОДАТОК ВО 1987 ГОДИНА

1. Месечните парични износи на личната, семејната и зголемената семејна инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток, утврдени со Наредбата за утврдување на месечните парични износи на личната и семејната инвалиднина, на додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/87) се зголемуваат според порастот на просечниот месечен личен доход во Социјалистичка Федеративна Република Југославија за првите три месеци 1987 година во однос на 1986 година за 45,1% и од 1 јануари 1987 година изнесуваат:

1) лична инвалиднина:

| Група | Динари |
|---|---|
| I | 186.089 |
| II | 134.853 |
| III | 102.034 |
| IV | 75.349 |
| V | 53.652 |
| VI | 33.248 |
| VII | 22.488 |
| VIII | 10.861 |
| IX | 8.097 |
| X | 5.478 |

2) семејна инвалиднина: – за еден корисник на семејна инвалиднина (член 36 став 2 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци) ........ 12.114
– за еден корисник на семејна инвалиднина кој тоа право го остварува како член на семејството на паднат борец (член 36 став 3 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци) ........ 24.228
– зголемена семејна инвалидина (член 39 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци) ........ 64.610

3) додаток за нега и помош од страна на друго лице:

| | Динари: |
|---|---|
| – за прв степен | 159.529 |
| – за втор степен | 122.724 |
| – за трет степен | 85.922 |

4) ортопедски додаток:

| | Динари: |
|---|---|
| – за прв степен | 53.842 |
| – за втор степен | 41.082 |
| – за трет степен | 26.469 |
| – за четврт степен | 12.804 |

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 556/87
24 јуни 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
прашања на борците и
воените инвалиди,
Илија Вакиќ, с. р.

**619.**

Врз основа на член 56 ст. 1 до 4 и член 58 став 3 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација издава

## НАРЕДБА

### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ НА ЧЕЛИЧНИ ШИШИЊА ЗА ПРОПАН-БУТАН ГАС, СО ВЕНТИЛ

1. На задолжително атестирање подлежат заварени челични шишиња со вентил, кои се полнат со пропан, бутан и со мешаница на пропан и бутан за полнење од 1, 2, 3, 5, 10, 15, 25 и 35 kg, наменети за повторно полнење (во натамошниот текст: шишињата).

2. Постапката за атесриање на шишињата од точка 1 на оваа наредба се спроведува на следниот начин:

1) за производи од домашно производство се атестира типот на производот, со контрола на сообразноста на производот од производството на атестираниот тип;

2) за производи од увоз се атестира секоја увезена партија од ист тип и потекло.

3. На испитување подлежат следните карактеристики на квалитетот на шишињата од точка 1 на оваа наредба:

1) формата, мерите, масата и зафатнината;
2) отпорноста спрема удар;
3) непропустливоста;
4) издржливоста на температурни промени;
5) цврстината;
6) трајност на вентилот;

4. Карактеристиките на квалитетот на шишињата од точка 1 на оваа наредба се утврдени, и тоа:

1) формата, мерите, масата и зафатнината – според југословенските стандарди JUS M.Z2.510 – Челични садови за течни гасови. Заварени челични шишиња за пропан-бутан, за полнење од 5 и 10 kg; JUS M.Z2.511 – Челични шишиња за течни гасови. Заварени челични шишиња за пропан-бутан за полнење од 15, 25 и 35 kg; JUS M.Z2.515 – Челични садови за течни гасови. Заварени челични шишиња за пропан-бутан за полнење од 1, 2 и 3 kg;

2) отпорноста спрема удар - со исполнување на условите утврдени за карактеристиките на квалитетот определени во одредбите од 3 до 6 на оваа точка, а по испитувањата извршени во согласност со одредбата под 2 точка 5 од оваа наредба;

3) непропустливоста - со исполнување на условите за испитување утврдени во точка 5 одредба под 3 од оваа наредба;

4) издржливоста на температурни промени - според југословенскиот стандард JUS M.C5.390 - Вентили за садови за компримирани гасови. Вентили за шишиња за течни гасови пропан-бутан. Технички прописи за изработка и испорака;

5) цврстината - со најголемо допуштено трајно зголемување на зафатнината на шишето од 10% од вкупното зголемување на зафатнината при испитен притисок утврден во точка 5 одредба под 5 од оваа наредба;

6) трајноста на вентилот - според југословенскиот стандард JUS M.C5.390 - Вентили за садови за компримирани гасови. Вентили за шишиња за течни гасови пропан-бутан. Технички прописи за изработка и испорака.

5. Карактеритиките на квалитетот на шишињата од точка 1 на оваа наредба се испитуваат на следниот начин:

1) формата, мерите, масата и зафатнината - спроед југословенските стандарди JUS M.Z2.510 - Челични садови за течни гасови. Заварени челични шишиња за пропан-бутан, за полнење од 5 и 10 kg; JUS M.Z2.511 - Челични садови за течни гасови. Заварени челични шишиња за пропан-бутан, за полнење од 15, 25 и 35 kg; JUS M.Z2.515 - Челични садови за течни гасови. Заварени челични шишиња за пропан-бутан гас за полнење од 1, 2 и 3 kg;

2) отпорноста спрема удар - со пуштање на празно шише, чија оска е паралелна со подлогата, слободно да падне на хоризонтална рамна бетонска подлога од височина од 1 m, по што истата мостра мора да ги задоволи испитувањата утврдени во одредбите од 3 до 6 на оваа точка;

3) непропустливоста - шишето се полни со неутрален гас до највисокиот работен притисок (со преземање на сите мерки за заштита на работниците и околината) и се нурнува во када со вода чија температура е + 5 °C до + 40 °C, најпрвин со затворен вентил и без заштитна навртка, а потоа со отворен вентил и со метална заштитна навртка, со плочка од зативен материјал отпорен на дејство на пропан-бутан. Во текот на испитувањето во време од 2 min, во ниеден случај не смеат да се појават меурчиња како знак дека шишето пропушта неутрален гас;

4) издржливоста на температурни промени - во согласност со одредбата под 3 на оваа точка, се испитува на испитна температура од 60 ± 5 °C, откако претходно е извршено ладење на мострата (склоп шише-вентил) во разладна комора до температура — 25 ± 3 °C, а потоа загревање со вода во када за нурнување до испитната температура;

5) цврстината - мострата (шишето без вентил) се приклучува на цевката на уредот за испитување прикажан на сликата. Садот и мострата се полнат со вода, по што се врши одзрачување преку вентилот. На мерната летва се




отчитува височината на водениот столб кој ја претставува почетната зафатнина на мострата. Испитниот притисок од 30 bar се постига со помош на пумпа и се одржува во траење од 30 s, кога се врши отчитување на зголемувањето на зафатнината (дилатација) на мострата односно на порастот на водениот столб на мерната летва.

На сликата е:

1 - сад за испитување
2 - мостра
3 - рачна пумпа
4 - вентил за празнење на садот за испитување
5 - мерна летва
6 - вентил за одзрачување на садот за испитување
7 - вентил за одзрачување на мострата
8 - манометар
9 - затворачки орган
10 - флексибилно црево.

По растоварувањето на мострата од испитниот притисок со отворање на вентилот повторно се отчитува височината на водениот столб на мерната летва односно се утврдува вредноста на трајното зголемување на зафатнината на шишето;

6) трајноста на вентилот на шишето - според југословенскиот стандард JUS M.C5.390 - Вентили за садови за компримирани гасови. Вентили за шишиња за течни гасови пропан-бутан. Технички прописи за изработка и испорака.

6. Мостри за испитување заради задолжително атестирање на шишињата од точка 1 на оваа наредба се земаат на следниот начин:

1) за домашни производи - во рамките на секој тип шише, за испитување на типот се земаат две мостри, а за контрола на сообразноста - една мостра;

2) за прозводи од увоз - во рамките на секоја увезена партија од ист тип и потекло, за испитување се земаат две мостри, а за контрола на сообразноста - на секои илјада шишиња се зема една мостра. Ако испораката е помала од илјада шишиња, за контрола на сообразноста се зема една мостра.

Мострите ги зема организацијата на здружен труд овластена за атестирање. За земањето на мостри се составува записник кој содржи податоци за називот на производителот односно увозникот, годината на производството, називот на производот, бројот на мострите, ознаките на мострите, местото и датумот на земањето на мострите. Записникот го потпишуваат претставници на производителот односно увозникот и на организацијата овластена за атестирање.

Организацијата на здружен труд овластена за атестирање е должна по извршеното испитување да му ги врати мострите на производителот односно увозникот.

7. Извештајот за испитувњето на шишињата од точка 1 на оваа наредба содржи податоци за карактеристиките на квалитетот утврдени во точка 4 од оваа наредба.

За шишињата што се увезуваат, како податоци за испорака се наведуваат и: називот на производот, видот и типот на производот, производителот, годината на производството, увозникот односно застапникот на странската фирма, потеклото, бројот и датумот на фактурата, местото и датумот на втасувањето и количината.

8. За шишињата од точка 1 на оваа наредба за кои со испитување ќе се утврди дека ги исполнуваат пропишаните услови, организацијата на здружен труд овластена за атестирање издава атест, кон кој прилага извештај за испитувањето во три примероци, од кои едниот примерок му се доставува на подносителот на барањето за атестирање, вториот на Сојузниот завод за стандардизација, а третиот го задржува организацијата на здружен труд овластена за атестирање.

Рокот на важењето на атестот за шишињата од точка 2 одредба под 1 на оваа наредба е три години, ако со контролата на сообразноста се утврди дека производот е сообразен со атестираниот тип.

Се смета дека производот поседува важечки атест, без оглед на датумот на продажбата, ако е произведен во рокот на важењето на атестот.

9. Шишињата за кои е издаден атест, производителот односно увозникот ги означува со атестен знак.

Атестниот знак се втиснува на местото покрај техничките податоци за шишето. Изгледот на атестниот знак е утврден со Наредбата за изгледот и употребата на атестниот знак („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/79 и 31/81), а големината „Б" од точка 4 на таа наредба мора да изнесува најмалку 10 mm. Под атестниот знак се запишуваат буквена и бројна ознака. Буквената ознака се однесува на групата и подгрупата југословенски стандарди на кои им припаѓаат шишињата (MZ), а бројната ознака претставува шифра на организацијата на здружен труд овластена за атестирање.

10. Контрола на сообразноста на шишињата од производство со атестиран тип се врши за домашни шишиња еднаш годишно, а за шишиња од увоз - на секои илјада шишиња од иста увезена партија и исто потекло.

Со контролата на сообразноста се испитува издржливоста на шишето на температурни промени.

Ако резултатите од испитувањето се негативни, испитувањето се повторува на пет мостри. Ако и при повторното испитување не се добијат позитивни резултати, се одзема атестот за дадениот тип шише.

Извештајот за контролата на сообразноста на шишињата со атестираниот тип се издава на образецот на Сојузниот завод за стандардизација.

11. За атестирање на шишињата од точка 1 на оваа наредба може да се овласти организација на здружен труд која во поглед на опременоста и стручните квалификации на работниците ги исполнува следните услови:

а) да располага со долунаведената опрема, и тоа со:

1) прецизна ваги, со опсег од 0 до 50 kg и од 50 до 150 kg и со точност на мерењето од 100 g;

2) поместливо мериво, со опсег од 0 до 1 000 mm, со точност на мерењето од 0,2 mm;

3) комора за ладање со опсег до - 30°C;

4) када за нурнување на шише со грејачи и термостатско вклучување/исклучување на грејачите со можност за загревање и одржување на температурата на 60 ± 5 °C;

5) уред за отворање и затворање на вентилот, со вграден бројач и со можност за мерење на крајниот обртен момент на затворањето, според југословенскиот стандард JUS M.C5.390;

6) уред за испитување на отпорноста спрема удар;

7) уред за остварување на постепен натпритисок на неутралниот гас во шишето;

8) уред за испитување на цврстината со хидростатички притисок;

9) манометар со опсег на мерењето од 0 до 40 bar, со приклучок (трикрака славина и сл. поради можноста за поставување на контролен манометар) од класа на точност 1,6;

б) да има работници за работи на атестирањето што ги имаат следните стручни квалификации:

1) висока стручна подготовка од техничка насока, со најмалку пет години работно искуство на работи на испитување од областа на садови под притисок - ако е во прашање работник кој раководи со испитувањето;

2) средна подготовка од техничка струка, со најмалку пет години работно искуство на работи на испитување од областа на садови под притисок - ако се во прашање работници што непосредно ги изведуваат испитувањата.

12. Организацијата на здружен труд овластена за атестирање е должна да изврши атестирање и контрола на сообразноста на производот со атестираниот тип, во рок од 30 дена од денот на земањето на мострите за атестирање.

13. Со денот на влегувањето на оваа наредба во сила, престанува да важи Наредбата за задолжително атестирање на челични шишиња за пропан-бутан гас, со вентил („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/83).

14. Оваа наредба влегува во сила по истекот на десет месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/7
13 јануари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

**620.**

Врз основа на член 63 став 4 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), Сојузниот завод за стандардизација објавува

## СПИСОК

### НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОВЛАСТЕНИ ЗА АТЕСТИРАЊЕ НА ПРОФИЛИРАНИ ГУМЕНИ ЗАТИВНИ ЛЕНТИ ЗА ВРАТИ, КАПАЦИ И ПОДВИЖНИ ПРЕГРАДИ НА ЗАСОЛНИШТА И ДВОНАМЕНСКИ ОБЈЕКТИ СО ХЕРМЕТИЧКО ЗАТВОРАЊЕ НА КРИЛАТА

За атестирање на профилирани гумени зативни ленти за врати, капаци и подвижни прегради на засолништа и двонаменски објекти со хермитичко затворање на крилата, во смисла на Наредбата за задолжително атестирање на профилирани гумени зативни ленти за врати, капаци и подвижни прегради на засолништа и двонаменски објекти со херметичко затворање на крилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/86) е овластена Работната заедница Институт за истражување и развој и инженериг, Вуковар, Борова населба, во состав на Сложената организација на здружен труд БОРОВО Југословенски комбинат за гуми и обувки со ограничена солидарна одговорност, Вуковар, Борова населба.

Бр. 07-93/109
8 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, с. р.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ ВО СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Божо Боиќ, се разрешува од должноста директор во Сојузниот завод за општествено планирање, поради истекот на времето на кое е назначен.

Именуваниот се става на располагање во смисла на одредбата на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С.п.л. бр. 43
4 јуни 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р

Врз основа на член 244 став 1, а во врска со член 415 став 3 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА СТОПАНСКИ РАЗВОЈ И ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

Мурис Фазлагиќ, самостоен советник во Генералниот секретаријат на Сојузниот извршен совет - секретар на

Сојузниот економски совет, се назначува за советник на претседателот на Сојузниот општествен совет за стопански развој и економска политика.

С.п.п. бр. 179
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

---

Врз основа на член 244 став 1, а во врска со член 415 ст. 3 и 4 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

Воислав Луковиќ советник на претседателот на Сојузниот општествен совет за меѓународни односи, се назначува за советник на претседателот на Сојузниот општествен совет за меѓународни односи.

С.п.п. бр. 225
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р**

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНОТО БИРО ЗА РАБОТИ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Петар Гулевски, порано секретар на Републичката самоуправна интересна заедница за вработување на СР Македонија, се назначува за помошник на директорот на Сојузното биро за работи на вработувањето.

С.п.п. бр. 347
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р**

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОМОШНИКОТ НА ДИРЕКТОРОТ НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Магистар Миомир Тодосиевиќ, се разрешува од должноста помошник на директорот на Сојузниот завод за статистика, заклучно со 31 мај 1987 година поради заминување на друга должност.

С.п.п. бр. 519
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р**

---

Врз основа на член 21 од Законот за Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/86), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ

Магистар Момчило Благовчанин се разрешува од должноста директор на Фонд на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, поради истекот на времето на кое е назначен.

Именуваниот се става на располагање во смисла на одредбата на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С.п.п. бр. 600
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р**

---

Врз основа на член 21 од Законот за Фоднот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ

Момчило Цемовиќ, порано делегат на Соборот на републиките и автономните покраини на Собранието на СФРЈ, се назначува за директор на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини.

С.п.п. бр. 601
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р**

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на ситемот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

Ристо Костовски, се разрешува од должноста помошник на претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски, заклучно со 30 јуни 1987 година, поради заминување на друга должност.

С.п.п. бр. 602
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р**

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОМОШНИКОТ НА ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

д-р Петар Шмит се разрешува од должноста помошик на генералниот директор на Сојузниот завод за општествено планирање, поради истекот на времето на кое е назначен.

Именуваниот се става на располагање согласно со одредбата на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С. п. п. бр. 603
4 јуни 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за вршење на надворешни работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/81), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО ХАМБУРГ

Миливое Михиќ, специјален советник-раководител на група - советник на Управата на Сојузниот секретаријат за надворешни работи за Источна Европа и НР Монголија, се назначува за генерален конзул во Хамбург.

С. п. п. бр. 604
29 мај 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за вршење на надворешни работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/81), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО ТЕМИШВАР

Мирко Атанацковиќ, заменик на претседателот на Републичкиот комитет за односи со странство на СР Србија, се назначува за генерален конзул на СФРЈ во Темишвар.

С. п. п. бр. 605
29 мај 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за вршење на надворешни работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/81), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО ВАНКУВЕР

Симеон Побулиќ, советник за надворешна политика на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, се назначува за генерален конзул на СФРЈ во Ванкувер.

С. п. п. бр. 606
29 мај 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за вршење на надворешни работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/81), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО ИСТАНБУЛ

Вотим Демири, претседател на Комитетот за односи со странство на Собранието на САП Косово, се назначува за генерален конзул на СФРЈ во Истанбул.

С. п. п. бр. 607
29 мај 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за вршење на надворешни работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/81), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО ТОРОНТО

Михајло Дика, заменик на началник на Управата за кадровски работи на Сојузниот секретаријат за надворешни работи се назначува за генерален конзул на СФРЈ во Торонто.

С. п. п. бр. 608
29 мај 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

Врз основа на член 41 став 2 од Законот за вршење на надворешни работи од надлежност на сојузните органи на управата и сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/81), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА СФРЈ ВО КЛИВЛЕНД

Матијаж Јанчар, советник на Претседателството на СР Словенија, се назначува за генерален конзул во Кливленд.

С. п. п. бр. 609
29 мај 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

586. Одлука за потврдување на Одлуката за измени и дополненија на Статутот на Службата на општественото книговодство на Југославија — — 1089
587. Одлука за избор на членови на Советот на Федерацијата — — — — — — — — — — — — — — — 1089
588. Одлука за разрешување на судија на Сојузниот суд — — — — — — — — — — — — — — — — — 1089
589. Одлука за избор на претставник на Собранието на СФРЈ во Одборот на потписниците на општествениот договор за обезбедување на дел од средствата за работа на Југословенскиот центар за теорија и практика на самоуправувањето „Едвард Кардељ", во Љубљана, за периодот од 1986 до 1980 година — — — — — — — — 1089
590. Заклучоци на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ за прифаќањето на Извештајот за проблематиката во областа на лековите — — 1090
591. Одлука за условите и начинот на користење на средствата за станбени потреби обезбедени во Буџетот на федерацијата за 1987 година — — 1091
592. Одлука за дополненија на Одлуката за определување на износите за посебни намени и надомести при утврдувањето на цените за нафтени деривати — — — — — — — — — — — — — — — — — 1092
593. Одлука за дополнение на Одлуката за задолжителните елементи на единствената методологија на општественото планирање — — — 1092

Страна

594. Одлука за измена на Одлуката за висината на каматата на износот на царината и на другите увозни давачки што не е наплатен во пропишаниот рок — — — — — — — — — — — — — — — — 1094
595. Правилник за измени на Правилникот за југословенските стандарди за вентилација на руднички простории и технички услови за заштита од јамски пожари — — — — — — — — — — — 1094
596. Правилник за југословенскиот стандард за чисти хемикалии — — — — — — — — — — — — — — 1094
597. Правилник за југословенските стандарди за дурум-пченица за мелничката индустрија — — — 1095
598. Правилник за југословенскиот стандард за хартија, картон и лепенка — — — — — — — — — 1095
599. Правилник за југословенските стандарди за технички цртежи во машинството — — — — 1095
600. Правилник за југословенските стандарди за генератори на топлина за греење — — — — — — 1096
601. Правилник за југословенските стандарди за заштита од корозија — — — — — — — — — — — — 1096
602. Правилник за југословенскиот стандард за азбестно-цементни производи — — — — — — — — 1096
603. Правилник за југословенските стандарди за никел, легури од никел, обоени метали и легури на обоени метали — — — — — — — — — — — 1097
604. Правилник за југословенските стандарди за хартија, картон и лепенка — — — — — — — — — 1097
605. Правилник за југословенските стандарди за челични јажиња — — — — — — — — — — — — — — — 1098
606. Правилник за југословенските стандарди за архитектонско-градежни цртежи — — — — — — — 1098
607. Правилник за југословенските стандарди за лифтови — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1099
608. Правилник за југословенските стандарди за битуменски изолации — — — — — — — — — — — — 1099
609. Правилник за југословенските стандарди за алуминиум и легури на алуминиум — — — — 1099
610. Правилник за начинот за употреба и класификација на еталоните на единица за активност на радиоактивните извори - алфа емитерите — 1100
611. Правилник за начинот на употреба и класификација на еталони на единица за активност на радиоактивните извори - гама емитерите — — 1101
612. Правилник за метролошките услови за оптички пирометри со исчезнувачка нишка — — — 1101
613. Правилник за содржина на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за средствата за развој на општонародната одбрана — — — — — — — — — 1103
614. Одлука за условите и роковите под кои може да се одобри продолжување на рокот на наплата на извезените стоки и услуги — — — — — 1103
615. Наредба за утврдување на височината на основат за определување на постојаното месечно парично примање во 1987 година — — — — — 1105
616. Наредба за утврдување на основот за определување на боречкиот додаток во 1987 година — 1105
617. Наредба за утврдување на височината на постојаното месечно парично примање во 1987 година — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1106
618. Наредба за утврдување на месечните парични износи на личната и семејната инвалиднина, додатокот за нега и помош од страна на друго лице и на ортопедскиот додаток во 1987 година — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1106
619. Наредба за задолжително атестирање на челични шишиња за пропан-бутан гас, со вентил 1106
620. Список на организациите на здружен труд овластени за атестирање на профилирани гумени зативни ленти за врати, капаци и подвижни прегради на засолништа и двонаменски објекти со херметичко затворање на крилата — — 1108
Назначувања и разрешувања — — — — — — — — — 1108

**АКТУЕЛНО** **АКТУЕЛНО** **АКТУЕЛНО**

# НАСКОРО ИЗЛЕГУВА ОД ПЕЧАТ

во една книга-три закона донесени во Собранието на СФРЈ кон крајот на минатата година од кои два, овие денови се значајно изменети и дополнети, и тоа се:

- **ЗАКОНОТ ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД И ДОХОДОТ**
- **ЗАКОНОТ ЗА АМОРТИЗАЦИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА**
- **ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД**

Измените и дополненијата на Законот за вкупниот приход и доходот и на Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд во голема мера ја прават актуелна оваа книга и за оние што веќе ја купиле.

Овие закони, како што ви е познато, на нов начин во согласност со програмата за економска стабилизација ги уредуваат односите во здружениот труд за да се излезе од тешкотиите.

Бидејќи книгата, од разбирливи причини, ја печатиме во ограничен тираж - ве молиме однапред со помош на приложената порачка да остварите право на сопствен примерок.

Книгата е печатена на српскохрватски јазик - латиница.

**ОБЕМ: ОКОЛУ 250 СТРАНИ** **ЦЕНА 4.000 дин.**

Порачки да се испраќаат на адреса: НИУ СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ, Белград, Јована Ристиќа 1
Поштенски фах 226, телефон 651-840 телекс 11756

✂ — — — — — — — — — — — — —

НИУ СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ
11000 Белград, Ј. Ристиќа 1

# ПОРАЧКА

Со ова неотповикливо порачуваме:

Збирка на законите за вкупниот приход и доходот, за амортизацијата на општествените средства, за санацијата и престанокот на организациите на здружен труд ______ парч.

Адреса на порачувачот: ____________________________________________

____________________________________________ ______________
(жиро сметка број)

Плаќање на сметката во законскиот рок. Физички лица со плаќање при преземањето.

Во ____________________, ______ 1987 (М.П.) Потпис на порачувачот,

______________________

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. - Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЌ. - Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. - Печати: Белградски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.